## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 21.03.2019

На 20.03.2019 во 21.10 часот на регионален пат Скопје-Велес, во с.Трубарево, се случила сообраќајна незгода помеѓу  возило „Ауди А6" со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.В.(46) од Скопје и возило „Мерцедес Ц220" со скопски регистарски ознаки, управувано од У.М.(26) од село Студеничани, скопско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобиле двајца сопатници од возилото „Мерцедес", Ќ.А.(45) и М.И.(18) од село Студеничани на кои им била укажана лекарска помош во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Со телесни повреди се здобиле двајцата возачи и уште еден сопатник од возилото „Мерцедес", А.И.(31) од село Студеничани. Увидна екипа од СВР Скопје извршила увид на местото на настанот.

На 20.03.2019 во 17.40 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „8-ми Септември" било пријавено дека кај нив било донесено повредено лице од сообраќајна незгода. Полициски службеници излегле на местото на настанот и било констатирано дека Р.С.(59) од Зајечар, Република Србија, со привремен престој во Скопје, истиот ден околу 11.30 часот на улица „Љубљанска",додека со велосипед поминувала на коловоз, била удрена од непознато возило управувано од непознато лице, кое по незгодата го напуштило местото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола на 20 март извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, товарни возила, сигурносен појас и светло. Притоа, исконтролирани се вкупно 436 возила и возачи и било констатирано дека двајца возачи ја надминале дозволената брзина, 15 возачи управувале возило без возачка дозвола, нерегистрирани биле осум возила и на мобилен телефон разговарале тројца возачи.

На 20.03.2019 полициски службеници од СВР Велес извршиле контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници(автобуси и такси возила) на подрачјето на СВР Велес. Притоа, биле контролирани вкупно 56 возила и било констатирано дека девет биле неисправни. Во Велес, од контролираните 36 возила, неисправни биле пет. Во Кавадарци, од контролираните 12 возила, неисправни биле четири и во Неготино, сите осум контролирани возила биле исправни.

На 21.03.2019 во 00.50 часот на Граничниот премин „Меѓународен Аеродром Скопје", при пасошка контрола и проверка, било констатирано дека Т.М.(24) од Штип се наоѓа на листата со мерка „А" (апси). Лицето било предадено на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 20.03.2019 во 16.50 часот на Граничниот премин „Ќафасан" при пасошка контрола и проверка, било констатирано дека за лицето Е.Д.(38) од Република Албанија била распишана потерница од СВР Охрид. Лицето било приведено и предадено на полициски службеници од СВР Охрид за понатамошна постапка.

На 20.03.2019 во 13.00 часот во Полициската станица Карпош, Ј.А.(19) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 01.00 часот на булевар „Партизански одреди" во Порта Влае бил каснат од куче скитник во пределот на десната рака.

На 20.03.2019 околу 19.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека настанал пожар помеѓу село Старо село и село Рогачево, при што била опожарена дабова шума, а поради силниот ветер постоела можност огнот да се прошири кон село Рогачево.. Во 22.55 часот огнот бил локализиран од екипа на Територијалната противпожарна единица Тетово. Увид ќе се врши во текот на денешниот ден.

Во текот на изминатиот ден (20.03.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 28 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 20 возачи од кои: 17 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и тројца возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така, исклучени од сообраќај се и 25 возила бидејќи 12 биле нерегистрирани и 13 возила биле технички неисправни. Санкционирани се четири возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, четворица поради неправилно престројување, двајца возачи поради неправилно престигнување, четворица поради неносење заштитен шлем при управување со мотоцикл, четири возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 13 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците, санкционирани се осум пешаци поради поминување коловоз вон

пешачки премин и 12 пешаци поради поминување коловоз на црвено светло. Во текот на изминатиот ден издадени се 101 мандатен платен налог и 79 возила се подигнати со специјално возило "пајак". Изминатиот ден се случиле 13 сообраќајни незгоди во кои едно лице го загубило животот, тројца се здобиле со тешки телесни повреди, а шест лица со телесни повреди.

На 20.03.2019 околу 14.30 часот на булеварот „Јане Сандански‟ во Скопје, возило „Тојоталенд крузер ‟ со скопски регистарски ознаки, управувано од И.В.(39) од Скопје, удрило во пешакот Ц.И.(69) од Скопје. Со возило на Итна медицинска помош Ц.И. била пренесена во Градската општа болница „Свети Наум Охридски‟, каде и биле констатирани тешки телесни повреди, а во 18.30 часот починала. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатата било дадено на обдукција. Се работи на расчистување на случајот.

Секторот за внатрешни работи Битола поднесе кривична пријава против М.С.(34) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори‟. На 07.02.2018 во Битола, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин.

Секторот за внатрешни работи Охрид поднесе кривична пријава против Д.Б.(22) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори‟. На 23.08.2018 во атар на село Велестово, охридско, кај објектот на ЈП ,,Национален Парк-Галичица", полициски службеници пронашле и одзеле марихуана, додека во близина бил забележан пријавениот.

На 20.03.2019 дома самата се вратила М.Ј.(39) од Куманово, за која И.Ј: (50) од Куманово на 16.03.2019 пријавил дека се оддалечила од домот. М.Ј. појаснила дека била во Хрватска во посочениот период.

На 20.03.2019 во периодот од 08.00 до 13.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово беше спроведена акциска контрола за техничка исправност на возилата кои вршат јавен превоз на патници. Со контролата биле опфатени 128 возила(ТЕ-76 и ГВ-52). Од контролираните возила, кај 25 откриена е неисправност на сопирачките(ТЕ-16 и ГВ-9), пет(ГВ) имале неисправен уред за управување и едно (ГВ) недостиг на опрема. Поради констатираните недостатоци, од сообраќај биле исклучени 30 возила(ТЕ-16 и ГВ-14), на 37 возачи (ТЕ-16 и ГВ-21) изготвени им се прекршочни платни налози, а на осум(ТЕ-4 и ГВ-4 ) барања за поведување на прекршочна постапка.

На 20.03.2019 во периодот од 08.00 до 13.00 часот СВР Штип спроведе засилена акциска контрола на техничка исправност на возила со кои се врши јавен превоз на патници. Од извршената акциска контрола контролирани се 57 автобуси и други возила кои вршат јавен превоз, од кои 54 се упатени во станица за технички преглед. Притоа, кај девет возила е утврдена неисправност на уред за запирање, кај едно неисправен уред за управување, додека две возила не извршиле вонреден технички преглед. Преземени се вкупно 22 мерки по горенаведените прекршоци и издадени се 12 прекршочни платни налози. Санкционирани се и 19 останати прекршоци.

На 20.03.2019 на подрачјето на СВР Охрид беше извршена зајакната акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници. Притоа, полициските службеници контролираа вкупно 111 моторни возила(Охрид-25, Струга-13, Кичево-60 и Дебар-13) од кои на дополнителен преглед во станиците за технички преглед упатени се вкупно 46 возила кои вршат јавен превоз на патници (Охрид-12, Кичево-24 и Дебар-10). Констатирани биле вкупно осум неисправности (Охрид-шест и Кичево-два, од кои еден неисправен уред за запирање). При акциските контроли, од сообраќај се исклучени осум возила(Охрид-шест,

Кичево-две). По овие, но и по други одредби од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата, полициските службеници издале вкупно 16 прекршочни платни налози(Охрид-шест, Струга-осум, Кичево-два).

На 20.03.2019 околу 23.00 часот во Полициската станица Тетово бил приведен К.Ч.(39) од Република Албанија поради непријавен престој во нашата земја. К.Ч. бил предаден во Отсекот за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Тетово за натамошна постапка.

На 20.03.2019 во 18.40 часот во Полициската станица Штип, С.В.(49) од село Ропотово, општина Долнени, пријавил дека бил измамен од лицето З.И.(57) од Штип. Според пријавеното, во февруари 2019 година С.В. му дал на З.И. 62.000 денари за да му набави лекови од Бугарија. З.И. ги зел парите и се обврзал дека за пет дена ќе ги набави лековите. Исто така, според пријавеното, до денот на пријавување, С.В. неколку пати се обидел да контактира со З.И., но не успеал да го најде, по што заклучил дека е измамен. Се работи на расчистување на случајот.

Секторот за внатрешни работи Битола поднесе кривична пријава против Д.Б.(30) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи‟. На 18.12.2017 во Битола, полициски службеници го затекнале пријавениот при продажба на пиротехнички средства.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против З.П.(28) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи‟. На 17.01.2019 година во угостителски објект во Свети Николе полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што бил пронашле и одзеле пиштол „Perfecta Pistole MID.50‟ калибар 4 мм, кој го поседувал без соодветна дозвола.

На 20.03.2019 во 21.25 часот во СВР Скопје, И.И. пријавил дека истиот ден околу 21.00 часот во интернет кафе на улица „Цветан Димов‟ бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу едно лице на возраст од 15 години, од една страна и тројца други малолетници од друга страна. Се работи на целосно расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Д.С.(21) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем‟ и „затајување‟. На 28.08.2018 на банкомат во Кичево пријавениот пронашол банкарска картичка на име на С.М. од Кичево, по што истиот ден и на 29.08.2018 година, преку интернет страница, во седум наврати, извршил трансакции во износ од 31.405 денари.

На 20.03.2019 во 15.00 часот во СВР Скопје, Б.Ѓ.(36) од Скопје пријавил дека во адвокатска канцеларија на улица „Антон Попов‟ бил физички нападнат од Б.К. Се работи на целосно расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Т.М.(24) од село Русиново, беровско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба‟. Во текот на февруари 2019 во атар на село Русиново, од парцели во сопственост на РС Македонија, пријавениот извршил бесправна сеча на борови стебла.

На 20.03.2019 во 13.10 часот во СВР Скопје, А.М.(20) од Скопје пријавил дека на бензинска станица на булевар „Србија“ физички бил нападнат од непознато лице, кое било со такси возило. Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 20.03.2019 во полициска станица Струмица било пријавено дека истиот ден во 11.20 часот на место викано „Дарван“, општина Босилово, вработени во шумската полиција Струмица го затекнале О.Ф.(19) од село Старо Балдовци при бесправна сеча на огревни дрва со патничко возило „Ауди“ со струмички регистарски ознаки. Тие со возила го блокирале патот за да спречат бегство на О.Ф. со возилото „Ауди“, но тој во два наврати со неговото возило тргнал накај вработените во шумската полиција и удрил во службените возила, а една вработена во шумската полиција се здобила со повреди и по укажана лекарска помош е пуштена на домашно лекување.. Огревните дрва биле одземени, а увид на местото извршила екипа од СВР Струмица. Се преземаат мерки за рачистување на случајот.

На 20.03.2019 околу 14.40 часот во СВР Скопје, М.Џ.(52) од Скопје пријавено дека во дворот од нејзината куќа на улица „Рељо Шесто Крило“, по претходна вербална расправија, нејзиниот син И.Р.(30) од Скопје, се обидел да ја удри со секира. Тој бил спречен од соседот М.Ф.. По ова, лицето било приведено во Полициската станица Чаир и се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 20.03.2019 околу 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во автобус на ЈСП на булевар „Митрополит Теодосија Гологанов“, настанала физичка пресметка помеѓу М.С.(18) и Б.М.(18), од една страна и А.Е.(19), од друга страна. Тие биле приведени во Полициската станица Карпош и се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

Секторот за внатрешни работи Скопје поднесе кривична пријава против А.И.(19) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „тешка кражба“ и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“, против А.С.(23) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“ и „прикривање“ и против А.Б.(43) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „прикривање“. На 22.01.2019 во куќа на улица „Виничка“ во Скопје првопријавениот, со употреба на физичка сила, влегол и одзел пари, пиштол „Црвена Застава М88“ и телевизор. По ова, тој на третопријавениот му го продал телевизорот, додека на второпријавениот му го продал одземениот пиштол.

На 20.03.2019 во 23.50 часот во СВР Скопје, Б.Ф.(51) од село Арачиново, скопско, пријавил дека истиот ден во 22.00 часот на улица „Јужноморавски Бригади“ непознат стортеил извршил разбојништво и му одзел патничко возило „Мерцедес Виано“ со скопски регистарски ознаки. По преземени мерки од страна на полициски службеници, возилото било пронајдено на улица „Вера Радосављевиќ“ и вратено на Б.Ф..

Секторот за внатрешни работи Охрид поднесе кривична пријава против Д.Ѓ.(23) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“ и против М.С.(20) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“. На 22.02.2018 во Охрид полициски службеници извршиле преглед над Д.Н. од Охрид, при што пронашле и одзеле амфетамини, кои претходно ги набавил од второпријавениот. Потоа, полициски службеници извршиле претрес во домот на провопријавениот, при што биле пронајдени и одземени амфетамини, револвер ,,Тас Fhoenix” калибар 8 мм, девет куршуми калибар 7,62x39 мм и куршум калибар 7,62x25 мм.

На 20.03.2019 во 14.30 часот во СВР Охрид било пријавено дека на улица „Партизанска" Г.И.(44) од Охрид го нарушил јавниот ред и мир. Г.И. бил приведен во Полициската станица Охрид, а по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.03.2019 во 21.30 часот во СВР Скопје, А.О.(25) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 16.00 часот на булевар „Крсте Мисирков" била физичка нападната од А.М., со кого претходно била во љубовна врска. Според пријавеното, додека А.О. се движела кон своето возило во гаража на трговски центар, била пресретната од А.М., кој физички ја нападнал и насилно ја внел во неговото возило и ја однел во својот дом, но потоа ја пуштил да си оди. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

Секторот за внатрешни работи Куманово поднесе кривична пријава против А.Р.(49) од село Матејче, општина Липково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 15.12.2018 во село Матејче, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле ловна пушка „Cifsan CPS 55 TS.870 TM" калибар 12 мм и шест патрони калибар 12 мм, кои ги поседувал без соодветна дозвола.

На 20.03.2019 во 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека К.Ц.(17) од село Чучер Сандево, скопско бил физички нападнат од неколку лица додека се возел во автобус. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.03.2019 во периодот од 08.00 до 13.00 часот на подрачјето на СВР Струмица е спроведена акциска контрола со цел откривање прекршоци кај возила кои вршат јавен превоз на патници. Во акцијата се контролирани 55 возила, од кои 25 се испратени на вонреден технички преглед, по што кај седум возила се констатирани прекршоци за кои се издадени седум прекршочни патни налози.


МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)